РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број / Numer 03-19
11.08.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

За:

**Предмет:** Одговор на Ваше барање

Почитувани,

Во врска со доставеното барање до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (наш арх. бр.03-19 од 01.08.2025 година), Ве информираме за следното:

Во текот на 2023 година беа донесени измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кои се прецизираа и изменија одредени надлежности на Агенцијата. Согласно овие измени, надлежноста на Советот на Агенцијата за доставување известувања до органот надлежен за авторските и сродните права во случаи кога постои сомневање за сторена повреда на овие права, беше укината. Со оглед на тоа, Агенцијата повеќе не располага со законска основа за преземање активности од ваков вид.

Дополнително, Ве известуваме дека, согласно член 153 од Законот за авторското право и сродните права, надлежноста за вршење надзор над работата на здруженијата за колективно управување со авторските и сродните права ја има Министерството за култура на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, Вашата претставка ќе биде препратена до Министерството за култура како надлежен орган за постапување по содржината и наводите наведени во истата.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**по овластување на директорот,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**